РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-1090/4
05. 03 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 49 седница одржана на 13.02.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на студиската програма „Метрологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Метрологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по метрологија /во меѓународен промет академски назив: Doctor of sciences on Metrology.
Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно – математички науки, 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 1.03-Физички науки, 2.02.-Електротехника, електроника и информациско инженерство, Научно - истражувачко област: 1.03.00.13-метрологија, 1.03.00.01-физика, 1.01.00.01-математика, 2.02.00.17 – метрологија, 2.02.00.03 – електрични мерења и инструментација, 2.02.00.16-контрола на квалитет, 2.02.00.01-електрични кола и процесирање на сигнали, 2.02.00.05-електроенергетика, 2.02.00.10-електроника, 2.02.00.11-електротермија и електрични возила, 2.02.00.12-електротехника, 2.02.00.14-компјутерски технологии и инженерство, 2.02.00.21-системско инженерство,автоматика и роботика, 2.02.00.22-телекомуникациско и информациско инженерство.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Владимир Димчев, Проф. д-р Марија Чундева-Блајер, Проф. д-р Александар Ристески, Проф. д-р Христина Спасевска, Проф. д-р Маргарита Гиновска, Проф. д-р Миле Станковски, Проф. д-р Димитар Ташковски, Проф. д-р Јосиф Ќосев, Проф. д-р Снежана Чундева, Проф. д-р Љупчо Арсов, Проф. д-р Лилјана Гавриловска, Акад. проф. д-р Леонид Грчев, Проф. д-р Кирил Лисичков, Акад. проф. д-р Трајче Стафилов, Проф. д-р Маре Србиновска, Проф. д-р Живко Коколански.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-1440/28 од 29.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Метрологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-1984/5 од 30.12.2025 година (наш бр. 08 - 1090/1 од 31.12.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 46-та седницата одржана на 26.01.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 1090/3 од 17.02.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за

акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 49-та седница одржана на 13.02.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски